**ОБРАЌАЊЕ НА ПРОФ. Д-Р НИКОЛА ЈАНКУЛОВСКИ,**
**РЕКТОР НА УКИМ**

Посебна е честа, голема е привилегијата, но уште поголема е одговорноста да се биде ректор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје кој денес ги одбележува „24 Мај“ – патрониот ден и 72 годишнината од основањето.

Државниот празник „24 Мај“ е голем празник, ден на кој со големо уважување и почит ги споменуваме и им оддаваме должна почит на нашите патрони и нивните свети дела.

Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје традиционално секоја година со низа свечености го одбележува овој ден. При чествувањата на овие два историски датуми кои се значајни не само за местото, улогата и развој на УКИМ туку и за нашата држава, секогаш со должна почит и висока пиетет ги навраќаме нашите мисли кон светите патишта и кон добата во која животвореле нашите патрони, рамноапостоли и сесловенски просветители браќата Кирил и Методиј за да се потсетиме на нивното дело и духовно-просветителската мисија, на заветот и на традицијата која ја оставиле зад себе и која е длабоко вкоренета во образовната, научната и културната традиција на македонскиот народ. Изминатите столетија ја потврдуваат величината и непроценливата историска вредност на нивното дело, затоа што нашите просветители, светите Кирил и Методиј имаат голема улога не само во православната македонска туку и во сесловенската историја.

Како многу пати досега, повторно се обидуваме да ги пронајдеме вистинските зборови, вистинските јазични средства да ја изразиме нашата благодарност за делото на светите браќа Кирил и Методиј. Составувањето на првото словенско писмо и преводот на евангелските книги, епохалното дело на словенските сопокровители Кирил и Методиј имало религиозни мотиви, но успеало на наша среќа и радост да ги надмине и идеолошките и територијалните рамки и да влезе во светската културна ризница како сесловенско писмо. Кирил и Методиј се основоположници на словенската писменост и литература, заслужни за културниот развој на сите словенски народи. Заради огромната важност на нивната мисија, денес тие се патрони на Европа – признание дадено од Ватикан со цел да се потенцира нивното значење за единството на европските народи. Светите браќа Кирил и Методиј од страна на Светата црква се прогласени за рамноапостолни поради нивните заслуги за афирмацијата на христијанската вера.

Нивните следбеници и верни ученици Климент и Наум не само што продолжиле да ја негуваат и развиваат словенската писменост туку почнале да ја шират и да ја зацврстуваат низ целиот словенски свет. Тие успеале да ја зачуваат словенската духовна слобода и да создадат расадник од каде што се ширеше словенската писменост и култура. Охридската книжевна школа што ја создадоа Климент и Наум и од која излегоа 3.500 нивни ученици, стана најразвиено словенско културно средиште во IX и X век, односно првиот словенски универзитет. Вечна благодарност и за нивното дело.

1949-тата, историската година на формирањето на нашиот УКИМ, не враќа во едно друго време во нашата историја кога со Законот за универзитет во Скопје, донесен од

Президиумот на Народното собрание на Народна Република Македонија, беше формиран Универзитетот „Св. Кирил и Методиј”. Неговата благородна мисија како прв македонски државен автономен универзитет била: „да изградува високо квалифицирани стручњаци од разните гранки на науката; да врши научно истражувачка работа и да учествува во научното решавање на задачи од културната, стопанската и техничка изградба на земјата; да ја изградува и развива напредната научна мисла; да ја одржува и развива научноста во наставата и теоретската работа; да ги популаризира научните знанија и постигнувања; да соработува во научната работа и да врши размена на научни искуства, научни трудови и публикации со други универзитети...“

Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје останува доследен на своите заложби во реализацијата на својата мисија, да го продолжи и зацврстува својот развоен од како универзитет посветен на негувањето и на интернационалната афирмација на традиционалните обележја и вредности на македонскиот народ (македонскиот јазик, историјата, литературата и културата), но истовремено да ги негува и културните вредности на другите етнички заедници во РСМ. Нашето мото е традиција, потврдени вредности и квалитет.

Почитувани,

Ректорските беседи за овие пригоди секогаш биле полни со чувство на горделивост за припадност на академската заедница на УКИМ кој е темел и носечки столб на севкупниот интелектуален, културен, државен и цивилизациски развој и подем. Но, за жал, и оваа година, соочен сум со немоќта да ги пронајдам вистинските зборови за да ги искажам моите искрени и измешани емоции, пред сè со жалењето и човечката лутина дека по вторпат го одбележуваме патронатот на УКИМ во пандемиски услови со симплифицирана програма за одбележување согласно здравствените протоколи заштитните мерки против злото кое вирусот Covid-19 му го нанесе на целото човештво на нашата планета. Но, овие негативни емоции полека почнуваат да бидат заменувани со зачетоци на оптимизам, за мене како припадник на медицинската фела, зачетоци на реален оптимизам дека масовната имунизација на населението наскоро ќе стави крај на пандемијата и дека полека ќе се вратиме во нормалните текови на живот и работа.

И година, УКИМ ја заврши тековната академска година на нетрадиционален начин. Пандемијата на Ковид 19 го промени животот на целата планета. Таа коренито го промени животот и на универзитетите. Пандемијата нè принуди привремено да ги напуштиме амфитеатрите и незаменливите конвенционални катедри и да ги замениме со дигитални алатки за непречено да продолжиме со наставно-образовниот процес. Наставата во оваа академска година на дел од факултетите на УКИМ се одвиваше целосно онлајн, но на дел од факултетите поради природата на наставните содржини и на методите на нивното изучување, се одвиваше хибридно, и онлајн и со физичко присуство. Начинот на изведувањето на наставата во оваа академска година беше поинаков, но сите заедно вложивме напори и успеавме квалитетот да биде најмалку ист, па дури и повисок.